ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 11-6576/3
Датум: 09.11.2022
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр. 32/20), Градоначалникот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план Градска четврт Ј 03, Блок Ј 03.11, Општина Карпош, Скопје.

Јавната анкета по Нацрт Детален урбанистички план Градска четврт Ј 03, Блок Ј 03.11, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 11.11.2022 година до 12.12.2022 година, секој работен ден, од 7.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Јавна презентација за заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат и широката јавност, претставниците на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат по Нацрт Детален урбанистички план Градска четврт Ј 03, Блок Ј 03.11, Општина Карпош, Скопје ќе се одржи на 28.11.2022 година во 13.00 часот, во просториите на УЗ Кузман Јосифовски Питу - Општина Карпош-Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок Ј 03.11, како што е одредена со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт Ј 03 (2020-2022). Истата се движи како што следи:

- на север и исток границата започнува од најсеверена точка 11 и се движи во југоисточен правец по оска на сервисна улица "С5 ул. Ловќенска - 1" (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт Ј 03), сè до точка 48;
- на југ границата започнува од најјужната точка 48 и се движи во западен правец по оска Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно" (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје, плански период 2012-2022 год. и Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт Ј 03), сè до точка 33.

- на запад границата започнува од точка 33 и се движи во северен правец по оска на отворено корито на порој Трнодол (дел од т.н. Водњанска поројна серија согласно Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт Ј 03), сè до најсеверна точка 11;

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 5,690 ha, односно 56909.6313 $m^2$.

Периметарот на планскиот опфат изнесува 1013.9753 m'.

Површината на блок Ј 03.11 во рамки на регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт Ј 03, изнесува 5,355 ha.

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе бидат достапни во просториите на Општина Карпош, Скопје. Соопштението за организирање на Јавна Презентација и Јавна анкета, Графичкиот приказ за Нацрт Детален урбанистички план Градска четврт Ј 03, Блок Ј 03.11, Општина Карпош, Скопје и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ